## „АПРИЛСКИ РАТ 1941". Зборник докумената, књига 1, Војноисториски институт, Београд 1969

Кон едицијата „Зборник на документи и податоци за Народноослободителната војна на југословенските народи", кој излегува полни дваесет години, Војноисторискиот институт приклучува уште една збирка на документи. За разлика од досегашната, која се однесува на Народноослободителната војна, новата збирка донесува архивски материјал за последниот период во историјата на Кралството Југославија, т.е. од аншлусот на Австрија до априлскиот крах во 1941 година.

Во првата книга на овој том се објавени избрани документи за периодот март 1938 — декември 1940 година. Книгата има 1051 страница, десетина фотокопии на документите, попис на скратеници, регистер на лични имиња, регистер на географски називи, регистер на установи, организација на единиците и други поими и тематски регистер. Вкупно се објавени 335 документи. Книгата од печат излегла во декември 1969 година во 1500 примероци.

Со оглед на положбата на архивските фондови се застана на гледиште претходно да се објават документите за положбата на бившата југословенска војска, за социјалните и политичките прилики во земјата, за ставовите на КПЈ и за меѓународната положба на Југославија спроти војната. Ваквиот избор на материјалот на читателот му овозможува да се здобие со вистинска слика за приликите во Кралството Југославија и да сфати зошто оваа ја изгубила војната во така краток рок.

Во предговорот за овој Зборник на документи е нагласено, дека тој нема претензии да ги објасни сите корени за крахот на Кралството Југославија во април 1941 година, бидејќи тоа претставува комплексен проблем, чиј зачеток може да се бара уште во текот на Првата светска војна, кога се пристапило кон реализацијата на идеите за создавање на една заедничка држава на начин спротивен на барањата и интересите на народите на Југославија. Ваквиот пристап кон овој проблем би бил и историски и научно оправдан, но тоа би била обемна задача која ги преминува рамките на дејноста на Војноисторискиот институт. Поради тоа е одлучено да се објават само оние документи кои читателот би го запознале со поважните настани во врска со Југославија кога војната опасност веќе била присутна во Европа.

Бидејќи, архивата на Политичкото одделение при Министерството за надворешни работи на Кралството Југославија е уништена во априлските денови во 1941 година, при бекството на владата од земјата, а архивата на југословенските дипломатски претставништва, пред сè во Германија и Италија, не е сочувана во целост, овој недостаток на домашни извори донекаде е олеснет со публикување во Зборникот на поедини документи од збирки објавени на англиски, италијански и германски јазик. Освен овие, искористени се и документите од германско и италијанско потекло, неодамна набавени од Националниот архив во Вашингтон (NAV-N и NAV-J). По ова прашање се направени напори за овој том да се присоберат што поголем број вредни документи, што не значи дека е сè

собрано и дека некои важни документи сè уште не се наоѓаат во домашните, па и во светските архиви и збирки или пак во приватно власништво.

За да се дополни празнината на недостатоците на некои извори за политичката, воената или друга активност, Редакцијата таквите празнини ги дополнила со свои објаснувања, за да се постигне колку би било тоа можно, одреден континуитет заради сфаќањата на настаните и приликите во Југославија.

Документите публикувани во оваа книга ќе им помогнат на истражувачите и на читателите подобро да ги согледаат овие два основни проблеми:

1. Политичката врска на Кралството Југославија со нацистичка Германија и фашистичка Италија, од кои и претела најголема опасност.

2. Положбата на бившата југословенска војска и активноста на државните органи за јакнење на одбранбената способност на земјата.

Покрај тоа, публикуваниот материјал дава можност да се согледаат и други прашања како што се: односот на Југославија спрема западните земји и останатите соседи; активноста на петтата колона; ставот на КПЈ спрема основните насоки на режимот во надворешната и внатрешната политика, а посебно нејзиниот став по прашањето за одбраната на земјата и др.

Документите хронолошки се средени и го водат читателот и истражувачот од еден до друг важен настан. Ќе укажеме само на некои важни документи.

По прашањето за аншлусот на Австрија може, на пример, да се согледа оценката на Централниот комитет на КПЈ, потоа ставот и оценката на кралската југословенска влада, контактите на Југославија со Италија во врска со тоа, ставот на Германија спрема Југославија после аншлусот и тн.;

низ нив можат да се согледаат мерките на Министерството на војската и морнарицата за подготовките на вооружените сили, утврдувањето на границите и сл.;

многу документи говорат за дипломатските контакти и контактите на ниво на владите на Југославија, Германија и Италија, потоа за положбата на Југославија после падот на владата на Милан Стојадиновиќ, ставот на Централниот комитет на КПЈ по повод германската окупација на Чехословачка; за разговорите меѓу Геринг и Мусолини од 15. април 1939 година за политиката на силите на Оската спрема Југославија. Објавен е записникот за разговорите помеѓу Хитлера и Министерот за надворешни работи на Југославија од 26 април 1939 година во Берлин за политичките и економските односи и други актуелни воено-политички прашања. Потоа записникот за разговорот помеѓу принцот Павле со Хитлер од 5 јуни 1939 година за југословенско-германско и југословенско-италијанските односи, доверлив протокол за спогодбата помеѓу Германија и Југославија од 5 јули 1939 година за купувачката на германскиот воен материјал и авиони за потребите на југословенската војска; за ставот на Југославија спрема Балканскиот пакт и Друштвото на народите, за мерките за спречување на малцинската и комунистичката пропаганда во Југославија; за решавањето на „хрватското прашање“. Објавен е Прогласот на ЦК КПЈ од септември 1939 година по повод избувнувањето на

Втората светска војна. Потоа барањето на бугарската влада за ревизија на бугарско-југословенската граница. За потсилувањето на активноста на КПЈ во народот и за предлогот за формирање на концентрациони логори и спречување на секоја комунистичка активност во војската; за ползувањето на југословенските сировини и индустријата за германското воено стопанство; за противгерманското расположение во Југославија; за ставот на ЦК КПЈ спрема спогодбата Цветковиќ-Мачек; за политиката на водачите на ХСС спрема владата во Белград и нејзините понатамошни планови; за штрајковите, саботажите и демонстрациите на работничката и студентската младина; за Балканскиот пакт; за односите Југославија — СССР и Југославија — Англија и тн.

Со објавувањето на документите од овој период се дополнува една празнина и се воспоставува континуитет во прикажувањето на Југославија во Втората светска војна. Зафаќајќи го периодот од аншлусот прикажувањето се протега и на приквечерината на Народноослободителната војна. Со ова се олеснува и помага на читателот полесно да го сфати феноменот на ослободителната војна.

Може да се заклучи дека томот „Априлската војна од 1941" ќе го даде одбраниот материјал кој во главни црти ќе ја осветли и положбата на нашата земја во бурните денови на предвоениот период. Тој претставува виден придонес на историографијата и може корисно да послужи на сите научни работници, историчари, студенти, ученици, на училиштата и факултетите, бидејќи во него ќе најдат материјал за периодот кој претходел на Народноослободителната војна.

Б. М.

**Мито Теменугов — Железни, „БОРБЕНИОТ ПАТ НА ГЕВГЕЛИСКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД „САВА МИХАЈЛОВ"**, Гевгелија, 1968 год., стр. 176

Во знак на одбележувањето на 25-годишнината од исфрлувањето на првите партизани од Гевгелиско и формирањето на Првиот гевгелиски партизански одред „Сава Михајлов", Општинското здружение на Сојузот на боречките организации во Гевгелија во 1968 година ја издаде книгата: „Борбениот пат на гевгелискиот партизански одред „Сава Михајлов" од Мито Теменугов — Железни. Нема сомнение, дека на тој начин прославата доби уште поголемо значење, бидејќи преку неа се настојува да се осветлат напорите што комунистите и другите прогресивни сили од Гевгелиско ги вложувале во врска со разгорувањето на НОБ во овој крај, а посебно преку формирањето на Гевгелискиот партизански одред.

Треба уште во почетокот да нагласиме дека авторот на споменатата книга со неа за прв пат не се појавува пред пошироката читачка публика. Тој е автор и на книгата „Богданци во НОБ" што ја издаде Општинското здружение на Сојузот на борците од тогашната Богданска комуна во 1963 година. Во меѓувреме, успеа да публикува и други помали брошури во кои исто така доаѓаат до израз неговите стремежи да го обработува својот потесен крај